Со денот на влегување во сила на овој закон, престанува да важи членовите 12 и 44 став (1) точка 1 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води ("Службен весник на Република Македонија" број 68/2004, 28/2006 и 103/2008).

Член 184
(член 3 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.36/11)

Локална и државна урбанистичка планска документација со кои се уредува користење на просторот во плански опфат, а кои се одобрени до 7 февруари 2011 година, се применуваат во постапката за издавање на одобрение за градење и согласно со истите може да се издаде одобрение за градење.

Одобренијата за градење издадени согласно со локална и државна урбанистичка планска документација со кои се уредува користење на просторот во плански опфат, имаат правна сила и можат да се извршуваат, доколку локалната и државната урбанистичка планска документација се одобрени до 7 февруари 2011 година.

Член 185
(член 8 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.54/11)

Подзаконските акти од овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 186
(член 9 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.54/11)

Со денот на влегувањето во сила на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, надлежен орган за постапување по поднесените жалби против решението за одбивање на барањето за издавање на лиценца, односно овластување е Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Одредбата од членот 5 став 1 на овој закон со која се менува членот 65 ставови (1) и (2) од овој закон ќе започне да се применува од денот на започнувањето на примената на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 187
(член 15 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.13/12)

Одредбата од членот 5 од овој закон со која се менува членот 87 став (5), одредбата од членот 8 од овој закон со која се менува членот 97 став (8) и одредбата од членот 10 од овој закон со која се менува членот 99 став (11) ќе започнат да се применуваат од денот на започнувањето на примената на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 188
(член 16 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.13/12)

Основните, односно главните проекти за државни и локални патишта кои се изработени и ревидирани заклучно со 22 февруари 2011 година се сметаат и како проекти за инфраструктура, доколку истите се одобрени од надлежен орган согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

---

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1127.**

Врз основа на член 21 став (2) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/2006, 24/2007, 103/2008 и 67/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.3.2012 година, донесе

### УРЕДБА
### ЗА СУБЈЕКТИТЕ, УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ЛАНСИРАЊЕ НА РАКЕТИТЕ ПРОТИВ ГРАДОНОСНИ ОБЛАЦИ

Член 1

Со оваа уредба се пропишуваат субјектите, условите и начинот на лансирање на ракетите против градоносни облаци.

Член 2

Ракетите против градоносни облаци можат да се лансираат ако со тоа не се загрозува безбедноста на воздушниот сообраќај, под услови и на начин пропишан со оваа уредба.

Член 3

Против градоносни облаци можат да се лансираат само ракети кои имаат атест и одобрение за пуштање во промет на експлозивни материи.

Член 4

Издавање на наредби за лансирање на ракети врши Управата за хидрометеоролошки работи.

Ракети против градоносни облаци може да лансира само лице обучено и овластено за вршење на тие работи од страна на Управата за хидрометеоролошки работи.

Член 5

Управата за хидрометеоролошки работи пред лансирање на ракети од кој и да е дострел прибавува согласност од давателот на услуги на воздухопловна навигација со кој треба да има постојана радиоврска и директна телефонска врска.

Управата за хидрометеоролошки работи треба да има постојана радиоврска или директна телефонска врска со лицето кое врши непосредно лансирање на ракети.

Опремата за обезбедување на непречена комуникација преку радиоврската од ставовите (1) и (2) на овој член ја обезбедува Управата за хидрометеоролошки работи и истата треба да овозможи снимање на комуникацијата меѓу Управата за хидрометеоролошки работи и давателот на услуги на воздухопловна навигација.

Член 6

Ракета против градоносни облаци не треба да се лансира, доколку со оглед на дострелот на ракетата и правецот на лансирањето може да се претпостави дека

ракетата ќе влезе во воздушниот простор на соседна држава, освен ако со меѓународен договор кој е ратификуван од Република Македонија не е поинаку определено.

Член 7

Управата за хидрометеоролошки работи треба, во зависност од хидрометеоролошките услови, однапред да го извести давателот на услуги на воздухопловна навигација за можната потреба за лансирање на ракети во определено подрачје, а најдоцна десет минути пред времето предвидено за почеток на лансирање на ракети.

Управата за хидрометеоролошки работи треба, најдоцна три минути пред времето предвидено за лансирање на ракети, да побара согласност за лансирање на ракети од давателот на услуги на воздухопловна навигација.

Давателот на услуги на воздухопловна навигација, по приемот на барањето од став (2) на овој член треба во времето предвидено во став (2) на овој член, да ја извести Управата за хидрометеоролошки работи дали може да пристапи кон лансирање на ракети.

По исклучок од став 1 на овој член, ако метеоролошките услови тоа го бараат, согласност за лансирање на ракети може да се побара без претходно известување за можната потреба од лансирање на ракети, а давателот на услуги на воздухопловна навигација треба, во рок од пет минути, да ја извести Управата за хидрометеоролошки работи дали може да се пристапи кон лансирање на ракети.

Член 8

Давателот на услуги на воздухопловна навигација може да ја повлече издадената согласност за лансирање на ракети, а Управата за хидрометеоролошки работи треба веднаш или најдоцна во рок од три минути да го запре лансирањето на ракети и за тоа да го извести давателот на услуги на воздухопловна навигација.

Ако лицето кое непосредно врши лансирање на ракети, воочи дека со своите дејствија може да загрози воздухоплов во лет, треба веднаш да го запре лансирањето на ракети и за тоа да ја извести Управата за хидрометеоролошки работи.

Член 9

Барањето за добивање на согласност за лансирање на ракети треба да ги содржи следните податоци:

1) делот на воздушниот простор во кој се предвидува лансирање на ракети;

2) времето кога треба да се лансираат ракетите и

3) максималната надморска височина што може да ја достигне ракетата предвидена за лансирање.

Согласноста на давателот на услуги на воздухопловна навигација за лансирање на ракети треба да ги содржи податоците од став 1 на овој член, без оглед на тоа дали тие податоци се исти со податоците во барањето или се изменети од страна на давателот на услуги на воздухопловна навигација.

Член 10

Управата за хидрометеоролошки работи треба при лансирањето на ракети да се придржува кон податоците од согласноста за лансирање на ракети и истите не може да ги менува.

Член 11

Делот од воздушниот простор во кој ќе се лансираат ракети се определува со помош на географски карти со размер 1:300.000, со вцртани и означени полигони и заштитни зони, чија димензија ја утврдуваат давателот на услуги на воздухопловна навигација и Управата за хидрометеоролошки работи и со вцртани аеродромски зони.

Географските карти од став 1 на овој член ги прибавува Управата за хидрометеоролошки работи од давателот на услуги на воздухопловна навигација.

За определување на деловите на воздушниот простор, покрај географските карти од став 1 на овој член, може да се користат други средства и уреди чии технички карактеристики се утврдуваат спогодбено меѓу Управата за хидрометеоролошки работи и давателот на услуги на воздухопловна навигација.

Член 12

Управата за хидрометеоролошки работи и давателот на услуги на воздухопловна навигација работите во врска со лансирање на ракети против градоносни облаци ги регулираат согласно склучен договор за соработка.

Член 13

Со денот на влегување во сила на оваа уредба престанува да се применува Уредбата за прибавување согласност, за условите и за начинот на лансирање на ракети против градоносни облаци („Службен лист на СФРЈ" бр. 32/87).

Член 14

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-1047/1
13 март 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**1128.**

Врз основа на член 14 став (1) алинеја 10 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11 и 185/11), министерот за финансии, донесе

### КОДЕКС
### НА ОДНЕСУВАЊЕ ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Член 1

(1) Со овој кодекс се уредува начинот на однесување и работење на лицата кои вршат работи од областа на јавните набавки, како и на претседателот на комисијата за јавна набавка, неговиот заменик, членовите во комисијата за јавна набавка и нивните заменици (во натамошниот текст: лицата) кај договорниот орган, со цел да се обезбеди законитост, независност, транспарентност, отчетност, ефикасност, одговорност и професионален интегритет при спроведување на јавните набавки, согласно нивните службени должности.